ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.8/24
14.06.2024
Велес

# О Г Л А С

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС објавува дека со Решение СТ бр.8/24 од 14.06.2024 година СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за транспорт, трговија и услуги ОНАС-ДООЕЛ извоз-увоз Велес, со седиште на улица Максим Горки бр.122, Велес, со единствен матичен број на субјектот 5843596, со единствен даночен број 4004004118235, со трансакциска сметка бр.200001403891177 во Стопанска Банка АД Скопје и бр.290000018761888 во ТТК Банка АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 49.32 – Такси служба.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отварање на стечајна постапка на ден 16.09.2024 год. во 10,40 часот во судница 4 на Основниот суд Велес.

ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ИМЕНУВА лицето Весела Петрулева од Велес, ул. Благој Ѓорев бр.104 а/18 и тел. 078 260 998.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да изготви писмен извештај за економско-финансиската состојба на должникот и да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање и дали има имот кој е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Стечаен Судија,
Дара Арсова